Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно училиште на Град Скопје - Shkolla e mesme e Qytetit të Shkupit
ДИМИТАР ВЛАХОВ - DIMITAR VLLAHOV
Скопје - Shkup

| Примено E pranuer | 24.06.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 642 | /1 | |

**До: СУГС „Димитар Влахов" - Скопје**
**Архивски број:12/ 6-2084/2**
**Датум: 15.06.2020**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19), Министерството за информатичко општество и администрација дава

СОГЛАСНОСТ
на

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **СУГС „Димитар Влахов" - Скопје**, број 04- 371/3 од 12.06.2020 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**СУГС „Димитар Влахов" - Скопје**, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места.

Министерството за информатичко општество и администрација ги разгледа доставените акти и констатира дека истите се во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за средно образование и Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава писмена согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на **СУГС „Димитар Влахов" - Скопје**, број 04- 371/3 од 12.06.2020 година.

Со почит,
Државен секретар
Aden Avziu

Изработи:Мирсада Шабани


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје, Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/19) и член 92 став 2 од Законот за средно образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18), в.д. директорот на Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов" донесе

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно училиште на Град Скопје - Shkolla e mesme e Qytetit të Shkupit
ДИМИТАР ВЛАХОВ - DIMITAR VLLAHOV
Бр.Nr. 01-371/3
12.06.2020 год.viti
Скопје - Shkup

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„**

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов" (бр.01-799/1 од 25.06.2015, 01-1279/1 од 01.10.2015, 01-907/1 од 06.07.2016, 01-991/1 од 19.08.2016, 01-222/1 од 06.02.2018 годинаи 01-257/1 од 12.02.2018 година).

Член 2

Во член 15 по зборовите„Закон за наставници" се додаваат зборовите „и стручните соработници во основните и средните училишта".

Член 3

Во член 16 став 1 алинеја 2 се менува и гласи: „го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата".

Член 4

Во член 17 став 1 алинеја 2 се менува и гласи: „има завршено најмалку четири години соодветно високообразование согласно со нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професијата наставник во основно и средно училиште припаѓаат на VI A ниво од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високо образовни квалификации.

Член 5

Во член 17 став 1 алинеја 3 се брише.

Член 6

Во член 17 став 1 во алинеја 6 зборот„дванаесет" се заменува со зборот „девет".

Член 7

Во член 17 став 1 во алинеја 7 зборот „пет" се заменува со зборот„седум".

Член 8

Во член 18 став 1 алинеја 2 се менува и гласи „има завршено најмалку четири години соодветно високо образование и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат стручните соработници за професијата стручен соработник во основно и средно училиште припаѓаат на VI А ниво од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високо образовни квалификации".

Член 9

Во член 18 став 1 алинеја 7, 8 и 9 се бришат.

Член 10

Во член 19 став 1 алинеја 3 се брише.

Член 11

Во член 25, дел VI Опис на работни меставо Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ точка IIДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА,реден број на работно место 3,назив на работно место Наставник-советник, во делот други посебни услови, алинеја 2, 3 и 4 се бришат.

Член 12

Во член 25, дел VI Опис на работни меставо Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ точка II.ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА, реден број на работно место 3,назив на работно место Наставник-советник,во делот работни задачи, работните задачи се менуваат и гласат:

- планирање и подготовка на воспитно-образовната и другите видови професионална работа; реализирање на наставни и воннаставни активности;
- следење и оценување на напредокот и постигањата на учениците; учество во надворешните мерења на постигањата на учениците (меѓународни и државни тестирања);
- водење на педагошка документација и евиденција;
- соработка со родители; соработка со директорот, стручните соработници и другите органи на училиштето;
- работа во стручните активи и другите тела и комисии; вршење на задачи на класен раководител;
- собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната и друга работа;
- менторство на ученици; учество во реализација на испитите од државната матура, училишна матура, завршен испит, државни и меѓународни тестирања;
- планирање и реализација на професионален развој; реализирање на дополнителна и додатна настава за учениците;
- подготвување и водење екскурзии, излети, натпревари, настава во природа, летување, логорување што ги организира училиштето;
- учество на истражувачки проекти и други активности за унапредување на воспитно-образовната работа; водење на портфолио (дел од професионалното досие)
- вршење на други работи определени со годишната програма за работа на училиштето;

- менторирање на студенти од факултетите за наставници; менторирање на колеги што имаат поддржан професионален развој; водење меѓучилишни тимови за учење; изготвување наставни материјали за учење; креирање, аплицирање и спроведување иновативни проекти во училиштето;
- учество во изготвување на развојни политики на училиштето и други задачи согласно со стекнатите компетенции за наставник советник.

Член 13

Во член 25, дел VI Опис на работни меставо Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов" точка II, ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА, реден број на работно место 4, назив на работно место Наставник-ментор, во делот други посебни услови, алинеја 2 и 3 се бришат.

Член 14

Во член 25, дел VI Опис на работни меставо Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов" точка II, ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА, реден број на работно место 4,назив на работно место Наставник-ментор во делот работни задачи, работните задачи се менуваат и гласат:

- планирање и подготовка на воспитно-образовната и другите видови професионална работа; реализирање на наставни и воннаставни активности;
- следење и оценување на напредокот и постигањата на учениците; учество во надворешните мерења на постигањата на учениците (меѓународни и државни тестирања);
- водење на педагошка документација и евиденција;
- соработка со родители; соработка со директорот, стручните соработници и другите органи на училиштето;
- работа во стручните активи и другите тела и комисии; вршење на задачи на класен раководител;
- собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната и друга работа;
- менторство на ученици; учество во реализација на испитите од државната матура, училишна матура, завршен испит, државни и меѓународни тестирања;
- планирање и реализација на професионален развој; реализирање на дополнителна и додатна настава за учениците;
- подготвување и водење екскурзии, излети, натпревари, настава во природа, летување, логорување што ги организира училиштето;
- учество на истражувачки проекти и други активности за унапредување на воспитно-образовната работа;водењенапортфолио (делодпрофесионалнотодосие)
- вршење на други работи определени со годишната програма за работа на училиштето;
- менторирање на наставник-приправник; менторирање на студенти од факултетите за наставници; менторирање на наставници што имаат поддржан професионален развој; користење иновативни приоди и помагање на колегите во спроведување на акциски истражувања;
- учество во изготвување на развојни политики на училиштето и други задачи согласно со стекнатите компетенции за наставник – ментор.

Член 15

Во член 25, дел VI Опис на работни места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ точка II ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО

ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА, работното место со реден број:14, шифра ОБН 03 02 303 001, звање - Наставник по географија, се брише.

Член 16

Во член 25, дел VI Опис на работни места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов" точка II ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА работно место со реден број 20, шифра ОБН 03 02 303 001, звање Наставник по Мир, толеранција и заштита се брише.

Член 17

Во член 25, дел VI Опис на работни места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов" точка II ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА работно место сореден број 22, шифра ОБН 03 02 303 001, звање Наставник по работно комуницирање, се брише.

Член 18

Во член 25, дел VI Опис на работни места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ точка II ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА, во реден број на работно место 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25, звање на работно место Наставник во средно образование, во делот работни задачи, работните задачи се менуваат и гласат:

- планирање и подготовка на воспитно-образовната и другите видови професионална работа; реализирање на наставни и воннаставни активности;
- следење и оценување на напредокот и постигањата на учениците; учество во надворешните мерења на постигањата на учениците (меѓународни и државни тестирања);
- водењенапедагошкадокументација и евиденција;
- соработка со родители; соработка со директорот, стручните соработници и другите органи на училиштето;
- работа во стручните активи и другите тела и комисии; вршење на задачи на класен раководител;
- собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната и друга работа;
- менторство на ученици; учество во реализација на испитите од државната матура, училишна матура, завршен испит, државни и меѓународни тестирања;
- планирање и реализација на професионален развој; реализирање на дополнителна и додатна настава за учениците;
- подготвување и водење екскурзии, излети, натпревари, настава во природа, летување, логорување што ги организира училиштето;
- учество на истражувачки проекти и други активности за унапредување на воспитно-образовната работа; водење на портфолио (дел од професионалното досие)
- вршење на други работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

Член 19

Во член 25, дел VI Опис на работни места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ точка II ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА, во реден број 24, во делот назив на работно место се бришат зборовите „**(Основи на козметиката и фризерството, Козметика и фризерство, Хигиена, Хигиена и микробиологија, Основи на здравството, Анатомија и физиологија, Естетика на струката, Естетика, Познавање на материјалите, Материјали во фризерството, Технологија на**

**занимањето, Фризерство, Дерматологија, Фармакологија, Козметологија, Применета козметика, Менаџмент и бизнис, Претприемништво)".**

Член 20

Во член 25, дел VI Опис на работни места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ точка II ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА, во реден број 25 во делот назив на работно место се бришат зборовите „прехранбена струка (**Техничко цртање и машински елементи, Машински елементи со техничко цртање, Процесна техника, Технолошки операции, Мерење и автоматска регулација, Прехранбена технологија, Микробиологија со санитација, Микробиологија, Технологија на работењето, Аналитичка хемија, Физичка хемија, Биохемија, Хемија со вежби, Анализа на храна, Исхрана, Контрола на квалитет, Храна и исхрана,Ботаника со лековити и зачински растенија, Технологија на прехранбени производи, Подготовка на оброк, Органско производство на храна, Правилна исхрана, Диететика)".**

Член 21

Во член 25, дел VI Опис на работни места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ точка II ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА, во реден број 26 во делот назив на работно место се бришат зборовите „(**Основи на графичарството, Графички дизајн, Графички материјали, Технологија на графичка подготовка, Технологија на печат и доработка, Електротехника со електроника, Машини, уреди и апарати, Сметачи и програмирање)".**

Член 22

Во член 25, дел VI Опис на работни места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ точка II ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, 2.1- ОБРАЗОВНО ВОСПИТНА СЛУЖБА, во реден број 28, во делот назив на работно место зборовите „маникир-педикир„ се менуваат и гласат :„естетичар за нега на рацете и нозете".

Член 23

Согласно извршените измении дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места, како составен дел на Правилникот.

Член 24

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Раководно лице на СУГС„Димитар Влахов"

Лидија Андоновска

Прилог 1 Табеларен преглед на работни места

| Ред. бр. | Шифра | Назив на работното место | Бр. на извршители | На неопределено време | На определено време | Потреба | Забелешка - дополнува од друго училиште |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ОБН 01 02 В01 001 | Секретар | 1 | 1 | / | | |
| 2. | ОБН 01 02 Г02 008 | Благајник и технички секретар | 1 | 1 | / | | |
| 3. | ОБН 03 02 301 001 | Наставник советник | 3 | / | / | 3 | |
| 4. | ОБН 03 02 302 001 | Наставник-ментор | 3 | / | / | 3 | |
| 5. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Македонски јазик и литература** | 5 | 4 | 1 | | |
| 6. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Англиски јазик** | 6 | 3 | 1 | | |
| 7. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Албански јазик и литература** | 2 | 1 | 1 | | |
| 8. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Турски јазик и литература** | 1 | / | 1 | | |
| 9. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Математика** | 5 | 2 | 1 | | |
| 10. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Информатика** | 3 | 1 | 1 | | |
| 11. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Физика** | 2 | 1 | 1 | | |
| 12. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Хемија** | 4 | 4 | / | | |
| 13. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Биологија** | 4 | 3 | / | | |
| 14. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Историја; Историја на Македонија** | 3 | 2 | / | | |
| 15. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Музучка култура** | 1 | / | 1 | | |
| 16. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Ликовна уметност; Ликувна култура** | 2 | 1 | 1 | | |
| 17. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **физичко и здравствено воспитание; Спорт и спортски активности** | 6 | 2 | 3 | | |
| 18. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Граѓанско образование** | 1 | 1 | / | | |
| 19. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Бизнис** | 2 | 0 | 1 | | |
| 20. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Психологија** | 2 | / | 1 | | 1 |
| 21. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Стручни предмети и практична настава – лични услуги** | 13 | 6 | 4 | | |
| 22. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Стручни предмети и практична настава – хемиско технолошка струка** | 6 | 3 | 3 | | |
| 23. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **Стручни предмети и практична настава – графичка струка** | 3 | 1 | / | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 24. | ОБН 03 02 304 001 | Наставник –приправник | | | | | |
| 25. | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по **практична настава (фризер и естетичар за нега на рацете и нозете)** | 6 | 3 | 3 | | |
| 26. | ОБН 03 02 И03 002 | Стручен соработник -психолог | 1 | 1 | | | |
| 27. | ОБН 03 02 И03 005 | Стручен соработник -библиотекар | 1 | 1 | | | |
| 28. | ОБН 04 01 А01 004 | Економ-домаќин | 1 | / | | 1 | |
| 29. | ОБН 04 01 А01 006 | хаусмајстор | 1 | 1 | | | |
| 30. | ОБН 04 01А01 002 | хигиеничар | 6 | 6 | | | |
| 31. | ОБН 04 02 А01 001 | чувар | 1 | 1 | | | |
| | | **Вкупно :** | **96** | **50** | **24** | **7** | **1** |

В.Д Директор,
Лидија Андоновска